Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 и член 297 ставови (2) и (3) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) и член 24 ставови (2) и (3) од Правилникот за лиценци ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 40/26 и 138/26) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 09 јули 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.58/24) на Трговското друштво ГРЕЕН БАЛАНЦИНГ ГРОУП ДООЕЛ Скопје, во Прилогот, лиценцата се заменува со нова лиценца.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по барање на носителот поради усогласувањето со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", а лиценцата ќе биде објавена на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), постапувајќи по барање на носителот врши усогласување на правата и обврските утврдени во лиценцата за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија од точка 1 на оваа одлука со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*.

Согласно член 297 став (2) од Законот за енергетика*, носителите на лиценците за вршење на енергетска дејност издадени до денот на влегувањето во сила на законот, се должни во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на законот, до Регулаторната комисија за енергетика да поднесат барање за промена на лиценцата согласно одредбите од законот.

Согласно член 297 став (3) од Законот за енергетика*, лиценците за вршење на енергетска дејност кои се променети согласно член 297 став (2) од Законот за енергетика*, продолжуваат да важат до истекот на рокот на важноста на лиценците.

На 26 јуни 2025 година Трговското друштво ГРЕЕН БАЛАНЦИНГ ГРОУП ДООЕЛ Скопје достави до Регулаторната комисија за енергетика Барање за промена на лиценцата.

Регулаторната комисија за енергетика на 09 јули 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 и член 297 став (2) и (3) од Законот за енергетика* и член 24 ставови (2) и (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на Трговското друштво ГРЕЕН БАЛАНЦИНГ ГРОУП ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-1591/25**
**09 јули 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

**Прилог:**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**
   Трговско друштво ГРЕЕН БАЛАНЦИНГ ГРОУП ДООЕЛ Скопје, со седиште ул. "Коста Новаковиќ" бр.22-4/2 Скопје, Република Северна Македонија.

2. **Енергетската дејност за која се издава лиценцата:** Снабдување со електрична енергија

3. **Датум на издавање на лиценцата:** 4 март 2024 година

4. **Датум на важење на лиценцата:** 4 март 2034 година

5. **Евидентен број на издадената лиценца:** ЕЕ-СНАБ-1407-2024

6. **Единствен матичен број:** 77732821

7. **Единствен даночен број:** 4032023560694

8. **Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
   Како снабдување со електрична енергија во смисла на оваа лиценца, се смета набавување на електрична енергија од Република Северна Македонија и/или од странство, заради продажба на своите потрошувачи, други снабдувачи, трговци, операторите на електропреносниот или електродистрибутивниот систем, производители на електрична енергија за оптимизирање на нивното работење, како и на други учесници на пазарот на електрична енергија.

9. **Опис на условите и начинот на вршење на дејноста**
   Енергетската дејност снабдување со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши преку набавување на електричната енергија на пазарот на билатерални договори и на организираниот пазар, по нерегулирани цени.
   Снабдувачот со електричната енергија самостојно ја одредува цената по која ја продава електричната енергија.
   Снабдувачот со електричната енергија за количината на електрична енергија за која се обврзал да ја испорача на своите потрошувачи го обезбедува неопходниот капацитет за пренос и/или дистрибуција од соодветните оператори.

10. **Подрачје на кое ќе се врши дејноста**
    Енергетската дејност снабдување со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши на целата територија на Република Северна Македонија и странство.

11. **Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди непречена и континуирана испорака на електрична енергија согласно договорите за купопродажба на електрична енергија,
- набави електрична енергија за своите потрошувачи,
- да ги испорача количините на електрична енергија коишто ги набавил заради исполнување на обврските утврдени во договорите за снабдување,
- да ги исполни своите обврски кон потрошувачите во однос на сигурноста, обемот и динамиката на снабдувањето,
- да ја преземе балансната одговорност за своите потрошувачи, а особено за домаќинствата и малите потрошувачи,
- да обезбедува услуги за своите потрошувачи со квалитет утврден во правилата за снабдување со електрична енергија,
- да обезбеди недискриминаторен третман на сите потрошувачи, а особено за потрошувачите од оддалечените подрачја,
- да ги објави на својата веб - страница општите услови на своите договори за снабдување со електрична енергија за потрошувачите,
- да овозможи потрошувачите да добиваат редовни и точни известувања за реалната потрошувачка и трошоците за електрична енергија, за да можат потрошувачите да управуваат со својата потрошувачка,
- да овозможи промена на снабдувач на транспарентен и недискриминаторен начин,
- да обезбеди при секоја промена на снабдувач со електрична енергија, потрошувачот да добие конечно затворање на сметката во рок од шест недели од денот на промената на снабдувачот,
- да воспостави постапки за ефикасно решавање на приговорите на своите потрошувачи во рок од 60 дена од денот на поднесување на приговорот, вклучувајќи можност и за вонсудско решавање на спорови и обврска за враќање и/или компензација на средства кога е тоа оправдано,
- да ги плати набавените количини на електрична енергија, како и резервираниот капацитет и регулираните услуги од операторот на електропреносниот систем и/или операторите на електродистрибутивните системи,
- да доставува до операторот на електропреносниот систем и операторот на пазарот на електрична енергија податоци за трансакциите и плановите за потрошувачка на електрична енергија за своите потрошувачи, неопходни за пресметка на дебалансите,
- да обезбеди соодветна заштита на доверливите податоци од договорите склучени на пазарот со билатерални договори,
- да ги објавува општите статистички податоци поврзани со неговите потрошувачи, земајќи ја предвид доверливоста на податоците,
- да им фактурира на своите потрошувачи надоместок за испорачаната електрична енергија по договорната цена, надоместок за користење на пазарот на електрична енергија, како и надоместок за електрична енергија од обновливи извори на енергија произведена од повластени производители кои користат повластени тарифи. Доколку снабдувачот има склучено договор со операторот на електропреносниот систем односно со операторот на дистрибутивниот систем, снабдувачот на електрична енергија на своите потрошувачи ќе им ги фактурира и надоместоците за користење на преносниот и/или дистрибутивниот систем. Фактурирањето се врши врз основа на мерењата за потрошената електрична енергија, извршени од соодветниот оператор на системот,

- да ги плати набавените количини на електрична енергија, како и закупените капацитети и соодветните регулирани услуги од операторите на електропреносниот систем и/или на дистрибутивните системи и операторот на пазарот на електрична енергија, како и операторот на организираниот пазар на електрична енергија,
- на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, односно на Комисијата за заштита на конкуренцијата во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на конкуренцијата, да им овозможува увид во податоците кои се однесуваат на сите негови трансакции за купопродажба на електрична енергија и деривативи, вклучително и деривативи на финансискиот пазар, со купувачите на големо, како и со операторот на електропреносниот систем, операторот на електродистрибутивниот систем или операторот на пазарот за електрична енергија остварени во последните пет години,
- да ги достави до операторот на електропреносниот систем, операторот на електродистрибутивниот систем, како и на операторот на пазарот на електрична енергија, сите потребни податоци во согласност со мрежните правила за пренос на електрична енергија, мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и правилата за регистрација за учество на пазар на електрична енергија и уредување на пазарот на билатерални договори,
- на своите потрошувачи им ги обезбедува на транспарентен и недискриминаторен начин, без плаќање на надоместок, сите неопходни информации за нивните права, обврски, примена на важечките прописи, начините на постапување по приговорите и решавањето на приговорите во согласност со правилата за снабдување, на соодветен и прифатлив начин, кој не ја исклучува и можноста за воспоставување на контакт центар, доколку е прифатлив за снабдувачот,
- доставува податоци и информации согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува согласно член 5 од Законот за енергетика*,
- да доставува известувања за сите околности, настани и промени коишто имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на енергетската дејност, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,
- да овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци
- да достави до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, по нејзино барање и во определен рок, информации и извештаи за своите трансакции и деловните активности што произлегуваат, завршуваат или поминуваат на територијата на Република Северна Македонија.

**12. Обврска за доставување на годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија да достави годишен извештај за работењето во претходната година согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија.

13. **Доверливост на информациите**

    Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност снабдување со електрична енергија.

14. **Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

    Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

15. **Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

    Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.